*Константин Петров*

# КАПИТЕЛИ ОД ОЛТАРНАТА ПРЕГРАДА НА НЕИДЕНТИФИЦИРАНА ОХРИДСКА ЦРКВА

(*Четврти извадок од докторската дисертација „Декоративна пластика во Македонија од XI до XIV век"*)*)

Меѓу повеќето различни детали од македонската декоративна пластика заслужуваат да бидат издвоени и објавени капителите од една неидентифицирана охридска црква затоа што претставуваат целина од скулптиран ансамбл, чии карактеристики можат да се надоврзат на досега познатите заклучоци за пластиката од XI и XII век[1]).

Капителите беа откриени во зидовите на Хаџи Касум Џамии при нејзиното уривање во 1950 година[2]). Од веројатни четири капители најдени се три, сл. 1, скулптирани во мермер. Нивниот основен облик



Сл. 1 — Три капители од неидентифицинана охридска црква.

*) Одбранета 1958 година. Овде се внесени и некои нови податоци.

1) Капителите од неидентифицираната охридска црква се споменати и навестена е нивната стилска припадност во првиот извадок од дисертацијата, К. Петров, Декоративна пластика во Македонија, во XI и XII век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Скопје 1962, стр. 160/36. Во 1957 година капителите беа сместени и изложени во Народниот музеј во Охрид.

2) Според соопштувањето на проф. Д. Коцо, за кое му заблагодарувам.

е кубичен, со навестено рондирање во аглите на ехинусот и со плиток абакус. Нивната височина е 24 см., абакусот има промери 35×36 см. а дијаметарот на плинтата е 25 см. Ехинусот на сите три капители е исполнет со скулптирана декорација во сета широчина на фасциите и на аглите. Може да се констатира дека само на првиот и третиот капител има одделена бордира меѓу ехинусот и плинтата додека на вториот капител декорацијата од ехинусот се спушта до самата плинта. Ова отстапување се должи на концепцијата на скулпторот и не е ниту погрешна изведба ниту локална карактеристика, ниту некоја особеност поврзана со одредено време, за да може да користи за датирање. Плинтите со кружен пресек имаат и дупки среде за зацврстување на колонки. Констатација што едноставно се наметнува е дека капителот односно плинтата е прилагодена кон колонка со кружен пресек додека и колонките во св. Софија и во Нерези и во Вељуса[3]) се октогонални. Меѓутоа, врз основа на ова не може ништо да се заклучи бидејќи во сите времиња се конструираат колонки во олтарните прегради со најразлични пресеци[4]).

Декорацијата со мали разлики во варијантите се повторува на сите три капители. На нивните агли има срцолисни рамки со трнести палмети среде, што според типот се вонредно блиски на acanthus spinosus[5]). Разликата во деталната интерпретација на овој мотив е минимална: на првиот капител има единаесетлисна и деветлисна палмета, на вториот капител палметите се деветлисни а на третиот капител единаесетлисни. Разликата е повидлива во декорирањето на ехинус фасцијата: на првиот капител е срцолист со деветлисна палмета, на вториот капител се две шестлисни полупалмети а на третиот капител се акантусни стилизации.

Според сите интерпретирани мотиви: според срцолистите, двотрачната врвца за рамка на срцолистите, палметите и пупките на првиот капител — лево и десно горе над срцолистот — и особено според техниката на плитко скулптирање во површнини со изразито тесни бридови, капителите многу потсеќаат на пластиката од олтарната преграда од св. Софија во Охрид од XI век[6]).

Од друга страна не треба да бидат занемарени и индикациите за врски на друга страна. Имено, спомenатите пупки на првиот неиденти-

---

[3]) П. Миљковић, Олтарна преграда Манастира Богородице милостиве у селу Вељуси, Зборник радова САН, LXV, Византолошки институт, књ. 6, Београд, 1960, стр. 142, сл. 1.

[4]) К. Петров, о. с., стр. 144/20. Испитувањата покажаа дека обликот на колонките не може да служи за хрононолошко или територијално категоризирање, бидејќи само во рановизантискиот период има почесто кружни колонки, додека во подоцниот среден век има и кружни и октогонални и квадратни колонки. L. Bréhier, Les églises byzantines, Paris 1912, p. 34.

[5]) Акантусите со остри врвови го имаат типичниот источен облик — acanthus spinosus — со трнести краишта, за разлика од западниот облик — acanthus mollis — со заоблени краишта. К. Петров, о. с., р. 171/47 (според мислењата на Н. Кондаков и J. Strzygowski во Н. П. Кондаковъ, Археологическое путешествiе по Сирии Палестинѣ, С.Петербургъ 1904, стр. 48).

[6]) Особено на двете столпчиња и капителот. К. Петров, о. с. ,сл. 9, 5 и 11.

фициран капител и акантусните стилизации од третиот капител потсеќаат на мотивите од олтарната преграда во св. Пантелејмон во Нерези[7]).

Несомнено дека и обликот на неидентифицираните капители може да укажува кон извесни врски. Така, додека е обликот на неидентифицираните капители неистоветен со обликот на капителите од св. Софија во Охрид и св. Богородица во Вељуса, облик што се среќава во византиската декорација веќе од X век[8]), тој е во исто време, речиси, идентичен со обликот на средишните капители од олтарната преграда во св. Пантелејмон во Нерези[9]).

Стилските карактеристики на оваа декоративна пластика можат да бидат сумирано оценети на следниот начин. Во сите флорни мотиви стилизирањето е потполно но без излишни додавања. Симетричниот распоред е основна композициона замисла кај секој капител поединечно. Изведувачката техника е усредсредена на точност иако е линијата негде-годе и со видливо несигурен синусоид.

Трите капители сами за себе не би претставувале самостојна вредност ако не им се одреди место меѓу македонската декоративна пластика. А пак за да се постави каква било категоризација нужно е таквата да се обоснови врз утврдени елементи и податоци. Меѓутоа, случајното откривање на капителите, не in situ, ами во секундарна употреба, значеше и отсуство на податоци какви можеби би имало ако капителите беа најдени барем близу до протогената градба. Не се утврдени, значи, ни локалитетот, ни градбата, ни местото во неа, ниту блиски материјали, се она што би спомогнало за посигурно одредување одговорите на важните прашања. Во овие прилично затворени рамки ќе може да се одговори со повеќе точност само на извесни прашања додека други од прашањата ќе останат во обласна на повеќе или делумно објаснети и аргументирани хипотези.

А прашањата се значајни и битни. Потребно е да се знае што претставуваат овие капители, односно на каков ансамбл му припаѓале во првобитната намена. Потоа, ако веќе постојат какви да е компоненти за одредување карактерот на ансамблот на којшто капителите му припаѓале, да се постави обид за реконструкција. Потребно е исто така да се одговори, макар и со хипотеза, на прашањето кој споменик би можел да биде протогената градба во која капителите односно ансамблот можеле да бидат поставени. За одредување на местото на оваа пластика секако се од голема важност и одговорите на нејзините сличности со пластиката во други споменици, односно за нејзините врски и вкомпонираност во низата на спомениците. Во тесна врска со наспоредувањето на блискостите и сличностите, врските и влијанијата, е и одговорот на прашањето за провениенцијата, односно за потеклото на стилските особености, провинциски или столнински. И на крајот, пра-

---

7) На пупките од космитисот и акантусната стилизација од капителите. К. Петров, о. с., сл. 24 и 22.

8) К. Петров, о. с., стр. 144/20, според J. Strzygowski, Nea Moni auf Chios, Byzantinische Zeitschrift, V, p. 146.

9) К. Петров, о. с., сл. 22.

шањето за датирање, чиј одговор резултиран од одговорите, речиси, на сите погоре поставени прашања може конечно да го одреди правото место на пластиката и на ансамблот на кој му припаѓале трите капители.

Нека се погледа најнапред на која и каква градба можеле да и припаѓаат овие капители. Да се расмотри прашањето да ли можеле да и припаѓаат на Хаџи Касум Џами. Фактот дека капителите не биле на декоративно место во џамијата, ами взидани во зидна маса и дека немаат исламски мотиви, ами напротив се блиски со св. Софија и Нерези, сведочи дека капителите не и приграѓале на џамијата, туку на некоја христијанска градба.

Бидејќи на тој локалитет во ниеден научен труд не е претпоставено постоењето на профана градба со декоративна пластика, ништо не обврзува да се земе во обзир претпоставка за профана градба, ами напротив. И тогаш кога останува како градба само црква, заради врските со пластиката од св. Софија во Охрид и св. Пантелејмон во Нерези, може да се разгледува кое би можело да биде местото на поставувањето на капителите.

Пред се малите димензии на капителите укажуваат на тоа дека не може да се бара местото на некој функционален дел во градбата. Септумските или поткуполните колони на неиидентифицираната претпоставена базилика или крстообразна црква, заради функцијата на преземање голема тежина на градбата би требале да имаат барем два или трипати поголеми капители. Впрочем, откриените септумски колони и капители во црквите од рановизантискиот период и поткуполните столбци од црквите од зрелиот среден век се со неколку пати поголеми димензии. Затоа овие разгледувани капители не можат да им припаѓаат на тие места. Малите димензии на овие капители ја исклучуваат и можноста за нивно поставување на бифорно-трифорни колонки, каде што заради дебелината на зидовите има редовно прозорни колонки со профил на мено и соодветен облик на капители. Од друга страна и богатата декорираност не позволува капителите да биле на прозори. Во византиските столнински споменици со развиена и сложена архитектоника и распоред има уште неколку места каде што би можеле да дојдат во обзир колонки со вакви капители на фасадата. Но во македонските споменици останува смо уште едно место за поставување на вакви капители и тоа би било лоѓа односно надворешна галерија. Но на претпоставката за поставување на капителите на лоѓа се испречува апсолутното отсуство на податок за црквата со лоѓа на фасадата. Лоѓите, потоа, се вонредно редок конструктивен дел во македонските споменици и лоѓа е конструирана само еднаш на репрезентативниот ексонартекс на св. Софија од Охрид во XIV век, и тешко е да се претпостави често повторување. И на крајот, капителите од лоѓата во св. Софија имаат само доработени облици без каква било декорација, што сосема одговара на нивната функција надвор од градбата[10]). Од друга страна е

[10]) К. Петров, Декоративна пластика во Македонија во XIV век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Скопје 1963, сл. 19 и 20 стр. 19-21.

тешко да се претпостави дека вака декорирани капители би биле поставени на надворешност на црква, во период XI—XII век, бидејќи тоа не е во склад со концепциите на диминуирана византиска и македонска пластика од овој период[11]).

На крајот, преостанува можноста да се претпостави местото на капителите во внатрешноста на неидентифицираната црква. Таквите места хипотетично можат да бидат обично две: цибориум и олтарна преграда. Но цибориум не е откриен во ниедна македонска црква, а отворено е прашањето да се откриени и фрагменти од цибориум. Затоа е нормално и сосема прифатливо да се прими првата заснована претпоставка дека капителите му припаѓале на ансамблот на олтарна преграда, бидејќи олтарна преграда е откриена, речиси, во повеќето од македонските цркви и во периодот од V—VI век и во периодот од XI—XIV век и тоа со, речиси, еднакви капители како овие неидентифицирани.

Досега се утврдени кои се пречките капителите да бидат сметани од друго место или од друг ансамбл. Сега е умесно да се констатира кои се компонентите што укажуваат дека капителите можат да бидат од олтарна преграда. Најнапред тоа се нивните мали димензии, што одговараат единствено и само на место на капители од олтарна преграда. Речиси сите досега откриени капители од олтарни прегради во црквите во Македонија од периодите V— VI век и XI—XIV век имаат приближна или еднаква димензионираност. Тоа е случајот со капителите од базиликата во Суводол[12]), со капителите од Коњух[13]), со капителот од св. Софија во Охрид, со капителите од св. Пантелејмон во Нерези и со капителите од св. Богородица во Вељуса[14]). Нужно е да се додаде дека ваквите димензии на капителите останууваат и подоцна во спомениците од XIV век, како например во св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино, во св. Атанасиј во Лешок и во св. Димитрија во Марков Манастир[15]).

Второ, обликот на капителите, кој еволуира од обликот на капителите од базиликите во Суводол, Коњух и од св. Софија во Охрид, станува, речиси, идентичен со облиците на средишните капители од олтарната преграда од св. Пантелејмон во Нерези. Исто така е нужно да се додаде дека кубично-пирамидалната форма воглавно ја задржуваат и капителите од св. Ѓорѓи во Старо Нагоричино и св. Димитрија во Марков Манастир во XIV век.

Трето, особено е важно да се спомене уште еднаш врската и блискоста, а можеби и влијанието од декорацијата на капителот од олтарната преграда од св. Софија ов Охрид. Исто е така од значење

---

[11]) К. Петров. ibidem, стр. 2.

[12]) Ф. Месеснел, Старохришћанска базилика у Суводолу код Битоља, Годишњак Музеја Ј. Србије, Скопље 1940—1941.

[13]) Св. Радојчић, Црква у Коњуху, из Зборника радова XXI, Византолошког института САН, I, Београд 1952, 164.

[14]) П. Миљковић, о. с., стр. 141.

[15]) К. Петров, Декоративна пластика во Македонија во XIV век,. . . сл. 27—28, 35—48, 58—61.

и врската на акантусната стилизација со средишните капители од олтарната преграда од св. Пантелејмон во Нерези.

Овие три елементи не може да се рече дека се јавуваат случајно, ами се темелни компоненти на врските и аргументи на една сигурна претпоставка, која може да оди и до тврдење дека капителите и припаѓале на олтарната преграда на една досега неидентифицирана охридска црква.

Во оваа смисла би можело да се направи и обид за реконструкција на ансамблот, со релативно претпоставени димензии на неоткриените детали и делови. Сѐ претпоставено според диспозиции и димензии на олтарните прегради во св. Софија во Охрид, во Нерези, Вељуса, Лешок, Старо Нагоричино и Марков Манастир. Пред се би требало да се земе предвид не трикорабна базилика, бидејќи една катедрална таква има, ами една крстообразна или еднокорабна црква.

Обидот за реконструкција би можел да изгледа вака, сл. 2. Се претпоставува релативна широчина на олтарната апсида од 520 см., во којашто е сместена олтарната преграда на чиј олтарен ансамбл припаѓаат трите капители. Еден од капителите со широчина од 30 см., со височина од 24 см., и дијаметар на плинтата од 25 см., е поставен на столпче со правоаголен пресек високо 100 см., и широко 30 см., угоре продолжено во колонка со кружен пресек висока 95 см., со дијаметар долу 28 см. а горе 25 см. Се заедно со стилобатот од 20 см., што можел да биде најверојатно висок како и подот на презвитериумот, и со столпчето, колонката, капителот и космитисот би можело да изнесува 260 см.

На ист ваков начин би можеле да бидат реконструирани и колонките со столпчињата под двата други капители, додавајќи уште еден капител којшто не е пронајден и уште една колонка. Диспозицијата во широчина од 520 см. е изведена на начин близок на хармоничната диспозиција на повеќето олтарни прегради. Математичкиот индекс на таа диспозиција би можел да биде изразен на следниот начин: 20—30—120—30—120—30—120—30—20 см.

Нужно е, на крајот, уште еднаш да се додаде дека е оваа реконструкција обид за сумирање на најверојатните компоненти и околности во какви можеле да се наоѓаат капителите на нивното протогено место. Секако дека е далеку потешко и, речиси, засега невозможно да се одговори на прашањето на која црква и припаѓал олтарниот ансамбл чиј дел биле капителите откриени во џамијата. Да се повтори дека и пред рушењето на Хаџи Касум Џами не беше ништо повеќе познато за црквата од која потекнуваат капителите. Колку е објективна можноста да се поврзе претпоставката на преданието за постоење на црква на местото на Хаџи Касум Џами останува отворено прашање, бидејќи таквата можност е намалена со уривањето на подоцнешната џамија. Но при претпоставување на црква на овој локалитет подоцна, ако бидат најдени нови индикации или податоци, овие капители би можеле да и припаѓаат на олтарната преграда на таа црква.

Сумирајќи ги блискостите може со извесност да се тврди постоењето на стварни врски и можеби меѓусебно влијание на скулпторот односно пластиката меѓу неидентификуваните капители и св. Панте-

лејмон во Нерези. Тоа значи дека неидентифицираните капители и целиот ансамбл на олтарната преграда чинат една стилска целина со веќе проучените македонски споменции и претставуваат нејзин стилски дел.

Прашањето за провениенција на пластиката и скулпторот овде не може да се постави во вообичаена форма, бидејќи е јасно дека штом се врските со македонските цркви така јасни и евидентни, провениенцијата треба да се бара на самото место, односно во Охрид. Имено, ако е пластиката не импортирана, што е сосема извесно, и ако нејзините блискости со останатата македонска пластика укажуваат на врски, тогаш е најлогично првата претпоставка за провениенција на мајсторот скулптор да се бара во Македонија или можеби и во Охрид.

На крајот, останува и последното иако по важност прво прашање, да се датира оваа пластика, да се утврди нејзиното место во хронологијата на македонските споменици.

Да се тргне најнапред со начинот на елиминирање на исклучивите и минималните можности за датирање. Да се види зошто не може да се датира пластиката на неидентифицираните капители во периодот на спомениците од V—VI век. Пред се, на ова му пречат археолошки и стилски бариери. Имено, спомениците од VI век на Охрид допрва се во фаза на откривање и проучување. Единствено крај св. Софија бил откриен во теренот еден капител со еднозона пластична декорација, а познато е дека се пронајдени и темелите на две постари згради, можеби од базиликата на св. Софија на првите охридски архиепископи[16]). Впрочем, во ниедна охридска црква не се најдени бројни делови од ансамбли взидани во секундарна употреба а да потекнуваат од цркви од V — VI век. Дотолку повеќе веројатно е во турскиот период да можеле да бидат на рака делови од пластична декорација од VI век за да бидат взидани во џамија. Но најважна пречка за датирање во времето на V—VI век е изборот на деталите на декорацијата: срцолисти, двотрачни рамки и пупки и акантусна стилизација во таква интерпретација каква што не се среќава во спомениците од V—VI век. Во тој период уште помалку може да се сретне пластика со стилска изведба на тесни бридови и со плитко и понекогаш неточно цизелирање. Заради таквите компоненти пластиката на неидентифицираните капители и споменикот не може да биде датирана во периодот на V—VI век.

И токму присуството на срцолисти со палмети со двотрачни врвци со пупки и акантусни стилизации и стилот на плитко цизелирани остри бридови на површините и блискостите со стилот на св. Софија од Охрид и св. Пантелејмон во Нерези и со облиците од средишните капители во Нерези, се достатни елементи за датирање на пластиката на неидентификуваниот споменик во периодот на XI—XII век.[17])

---

[16]) D. Koco, Novi podaci o svetoj Sofiji, Archaelogia Jugoslavica, II, Beograd 1956. К. Петров, Декоративна пластика во Македонија во XI—XII век, . . ., стр. 155.

[17]) Карактеристиките на пластиката во крајот на XIII и во XIV век се поинакви и затоа капителите на неидентифицираната охридска црква не можат да се датираат во времето на XIII—XIV век.

*Konstantin Petrov*

# LES CHAPITEAUX DU PARAPET DE L'AUTEL D'UNE ÉGLISE NON IDENTIFIÉE À OCHRID

## *RÉSUMÉ*

Trois des quatre chapiteaux probables sont decouverts, fig. 1, dans les murs de Hadzi Kasum Dzami, au temps de leur destruction en 1950. Les chapiteaux ont une hauteur de 24 cm., l'abacus est avec une mesure de 35×36 cm., et le diamètre de la plinte est 25 cm. La décoration avec petites différences en variantes se répète sur les fascies des tous les trois chapiteaux. D'après les motifs et la forme ces chapiteaux ont des liaisons avec la plastique des parapets des autels de Ste Sophie à Ochride et de St Pantelejmon à Nerezi.

En détermination de l'édifice à laquelle appartiennent les chapiteaux, fût éliminée la possibilité que les chapiteaux soient de Hadži Kasum Džami, parce que les chapiteaux n'étaient pas à la place décorative de la džami mais murés comme matériau, et parce qui ils n'ont pas les motifs islamiques. Étant donné qu'à cette localité n'est pas supposée, dans aucun travail scientifique, l'existence d'un édifice profane avec plastique décorative, il faut prendre en considération une supposition d'un édifice sacral. À cause des petites dimensions des chapiteaux sont éliminées les places où ils ne peuvent pas être posés: les colonnes de septum ou sous la coupole, les colonnes des fenêtres et la colonade des galeries. Enfin, reste la possibilité que les chapiteaux soient des colonnes du parapet de l'autel, particulièrement à cause des liaisons avec les chapiteaux des parapets des autels de Ste Sophie à Ochride et de St Pantelejmon à Nerezi.

Dans ce sens est fait aussi l'essai d'une reconstruction des chapiteaux dans un parapet de l'autel supposé, fig. 2, d'après les dispositions dans les autres parapets des autels des églises en Macédoine.

Les liaisons avec les églises en Macédoine indiquent la possibilité de chercher la provenance des chapiteaux en Macédoine, relativement à Ochrid. D'autre part les liaisons avec les motifs et les formes de Ste Sophie du XI siècle et de St Pantelejmon du XII siècle, indiquent la datation des chapiteaux au temps du XI-e au XII-e siècle.